**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ИНФОРМАЦИЈА
# за спроведувањето на одлуките/заклучоците од 5-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

***(Согласно член 52 од Секторскиот договор)***

**Шести состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020**

**декември 2019**

## Информација за спроведени одлуки и заклучоци од петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014- 2020

На петтиот состанок кој беше одржан на 21 мај 2019 година беа усвоени две одлуки и донесени 15 заклучоци, односно:

1. Одлука за усвојување на дневниот ред и
2. Одлука за усвојување на записникот од четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014- 2020.

По состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД произлезе и потребата од донесување на дополнителни 3 нови одлуки кои потоа беа донесени по пат на пишана процедура и тоа за:

- Втора измена на ИПАРД Програмата 2014–2020, во делот на финансискиот план и финансиски табели со ре-алокации на средства за 2019 и 2020 година;
  ***Преземени активности:*** ТУ со ИПАРД по усвојувањето на втората измена на ИПАРД Програмата 2014-2020 од страна на Комитетот за следење на ИПАРД II на 13.06.2019 година, истата ја достави до Европската комисија на 17.06.2019 година. Од страна на Европската комисија втората измена на ИПАРД Програмата 2014-2020 беше официјално одобрена на 08.08.2019 година со Одлука на комисијата C(2019)6038. По усвојувањето на втората измена на ИПАРД Програмата 2014-2020 истата е објавена на интернет страната на ИПАРД:
  http://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2019/08/IPARD-Programme-2014-2020_08.08.2019_EN.pdf

- Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2018 година
  ***Преземени активности:*** ТУ со ИПАРД по усвојувањето на годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2018 година (вклучително и 2017 година) од страна на Комитетот за следење на ИПАРД II на 28.06.2019 година, истиот го достави до Европската комисија на 28.06.2019 година. Од страна на Европската комисија добиени се коментари доставени на 28.10.2019 година со допис Ares(2019)6651505. Во моментов Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2018 година е во фаза на финализација.

- Предлог за прва измена на акцискиот план на планирани активности со мерката ,,Техничка помош” (АПТА) за 2019 година.
  ***Преземени активности:*** ТУ со ИПАРД по усвојувањето на прва измена на акцискиот план на планирани активности со мерката ,,Техничка помош” (АПТА) за 2019 година од страна на Комитетот за следење на ИПАРД II на 18.10.2019 година, започна со реализација на дел од предвидените набавки во АПТА 2019 (*детални информации во точка 8.1 од овој состанок*).

Во однос на заклучоците, на петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД беа усвоени следниве заклучоци:

**Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (четврти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.**

**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на ИПА Мониторинг Комитет.**

**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активностите на АФПЗРР во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020, односно, беа презентирани податоците од првиот Јавен повик од ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална инфраструктура.**

**Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење, односно, детално беа презентирани резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020.** Истиот ги опфаќа активностите кои ИПАРД структурите кои ги преземале во 2017 и 2018 година за подобрување на искористеноста на ИПАРД фондовите и останати прашања поврзани со реализацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020. На 19.06.2019 година, извештајот беше доставен до членовите на разгледување и е усвоен по пат на пишана процедура на 28.06.2019 година.

**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на првата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Листата на прифатливи трошоци.**

**Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на втората модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Листата на прифатливи трошоци.** Втората модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020, беше од финансиска природа и предвидуваше реалокација на средства претходно планирани за мерката - Рурална јавна инфраструктура помеѓу другите мерки од Програмата. На 13.06.2019 година, модификацијата беше усвоена од страна на членовите по пат на пишана процедура.

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на двете нови мерки во ИПАРД Програмата 2014-2020 (LEADER и Советодавни услуги).**

**Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на подготвителните активности за Агро - еколошките мерки.**

**Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите во однос на спроведување на АПТА 2018 и АПТА 2019 година.** Барањето за донесување на одлука по пат на пишана процедура за прва измена на АПТА 2019 беше доставено до членовите на КС на 03.10.2019 година. Земајќи во предвид дека до Секретаријатот на КС не пристигнаа коментари во однос на истата, втората модификација беше усвоена на 14.10.2019 година. (*детални информации во точка 8.1 и 8.2 од овој состанок*).

**Заклучок бр. 12: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите за комуникација и публицитет за 2019 година за ИПАРД 2014-2020.**

**Заклучок бр. 13: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД.**

**Заклучок бр. 14: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за екс-пост евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013.** (*детални информации во точка 9.1 од овој состанок*)

**Заклучок бр. 15: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за евалуацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020.** (*детални информации во точка 9.2 од овој состанок*)